ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Основниот суд во Виница, првостепен прекршочен суд, преку судијата Даниела Костадинова Тиловска, со записничар Д. Ј. , постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка поднесено од Шумска полиција - В., бр. 21-45/9 - 28.11.2017 година , против обвинетиот Мурат Салиов од Т., за сторен прекршок од чл13.ст.1 од Законот за шуми , во отсуство на претставник на подносителот на барањето и обвинетиот , на ден 24.08.2018 година, ја донесе следната:

П Р Е С У Д А

ОБВИНЕТИОТ: Мурат Салиов од с.Т.-В., роден на 24.12.1996 година, во с.Т., од татко А. и мајка Р., со живеалиште во с.Т. - В., со завршено средно образование, невработен, неженет, Турчин, Државјанин на РМ, врз основа на чл. 123 ст. 1 ал. 10 од ЗП,

**ВИНОВЕН Е,**
**ЗАТОА ШТО**

На ден 02.11.2017 година околу 13,оо часот во с. Т. маало Максимци м.в. Башатица КО Т. Општина В. обвинетиот извршил сеча на гранки и врвови на дабови стебла со пречник од 0,5 см. до 10 см. на 20 броја на висина од 1 м до 1,5 метри.

Со опишаното дејствие обвинетиот сторил прекршок од чл.13 ст. 1 ал. 1 од Законот за шумите, а казнив според чл. 104 ст.1 т. 1 од Законот за шумите, поради што, врзоснова на чл. 2,13,14,15,16, 26, 41 ст. 3, 113 ст. 1 алинеја 1 и ст. 2, 121, 122,125, 126 ст. 1 алинеја 5 и ст. 2 и 3 и 127 ст. 1 од Законот за прекршоците (Сл.весник на РМ бр. 124/15) и чл. 32 и 39 од КЗ, му се изрекува

ОПОМЕНА

Се задолжува обвинетиот во рок 15 дена од правосилноста на пресудата , да плати трошоци во постапката во паушален износ од 1.500 ден. на Трезорската сметка 1000000000630-95, сметка на Буџетски корисник 290101160663119,приходна шифра 724132 програма 20, во спротивно истите присилно ќе бидат наплатени.

О б р а з л о ж е н и е

Шумската полиција - В., поднесе барање бр. 21-45/9 од 28.11.2017 година, против обвинетиот Мурат Салиов од с.Т. - В., за сторен прекршок од чл.13 ст.1

алинеа 1, а казнив според чл. 104 ст. 1 т. 1 од Законот за шумите.

Во изјавата дадена во своја одбрана обвинетиот негираше дека го сторил прекршокот за кој се товари.

Од изведените докази и тоа: записник бр. 21-45/2 од 03.11.2017 година,пријава бр. 21-45/1 од 03.11.2017 година,изјава од 03.11.2017 година своерачно пишувана од Ј. С., покана за странка бр. 21-45/4 од 06.11.2017 година, пријава бр. 21-45/5 од 06.11.2017 година, записник за постапување на порамнување бр. 21-45/6 од 13.11.2017 година, платен налог бр. 21-45/7 од 13.11.2017 година, копија од катастарски план за КП.бр. 5301 КО Трсино, копие од саталитска снимка за КП.бр. 5301 од Агенција за катастар на недвижности. Имотен лист 237 за КО Трсино од 10.05.2017 година - препис фотодокументација бр. 161/2017 од ПС В. 03.11.2017 година, сослушување на оштетениот Ј. С. од В., се утврди дека обвинетиот го сторил прекршокот кој му се става на товар бидејќи оштетениот лично го забележал обвинетиот како сече врвови на дабови стебла од имотот на оштетениот, при што при изрекувањето на санкцијата се имаше предвид и изјавата на оштетениот дека е согласен на обвинетиот да му биде изречена и опомена во очекување дека обвинетиот нема повторно да прави штета а доколку повторно го забележи во извршување на вакви дејствија тогаш да биде изречена построга казна.

Одлуката за трошоците во постапката е донесена во сообразност со чл.126 ст. 1 алинеја 5 и ст. 2 и 3 и чл. 127 ст. 1 од ЗП.

Основен суд Виница. ПРК-О-10/18 од 24.08.2018 година.

Записничар, Судија,
Д. Ј. Даниела Костадинова Тиловска

ПОУКА: Против оваа пресуда е дозволена жалба во рок од 8 дена по приемот, преку овој суд до Апелационен суд Штип.

Да се достави до: подносителот на барањето и обвинетиот